Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ..... 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИНВЕСТИЦИСКО БАНКАРСТВО“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р ЉУПЧО ДАВЧЕВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 364/17 од 43. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 25.12.2012 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Трајче Мицески, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов „*Инвестициско банкарство*“ од авторот д-р Љупчо Давчев, наменет за студентите од прв циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Инвестициското банкарство е високоспецијализиран сегмент на финансиската индустрија. Инвестициското банкарство претставува дел од финансискиот систем кој веќе неколку децении ја креираат економската иднина во развиените земји. Експанзијата на овој сектор, во поглед на големината и географската покриеност, придонесува на делокругот, но уште поголемо е неговото влијание врз структурата на економијата и финансискиот систем во целина.

Инвестициското банкарство е помеѓу важните теми во агендите на политичарите, финансиските регулатори, производителите, локалните и глобалните учесници на берзите, како и на студентите на финансиските системи. Големата и забрзана експанзија на овој сектор во однос на големината и географската покриеност, промените кои ги доживува, како и импактот врз структурата на економијата и финансискиот систем во последните неколку години, се теми кои неисцрпно се обработуваат. За да се разбере оваа позиција на инвестициското банкарство, оваа скрипта ги разработува главните карактеристики, основните функции и развојот на оваа индустрија, факторите кои се одговорни за развојот на инвестициското банкарство, како и врската помеѓу активноста на инвестициските банки и активностите на институциите кои се занимаваат со овој тип на бизнис. Голема улога во поставувањето на основите на инвестициското банкарство игра еволуцијата на инвестициското банкарство во големите индустриски земји, што посебно е опфатено во овој труд, како и позицијата и влијанието на инвестициското банкарство во поширок контекст врз развојот на финансиската индустрија во целина.

Овој труд ги опфаќа основата, начинот и принципите на работа на инвестициските банки и нивното место во финансискиот систем. Многубројните кризи во минатото, а и последната финансиска криза, предизвикувале сериозни удари врз финансиските системи, редизајнирајќи ги основните принципи на работа на инвестициското банкарство. Денешното инвестициско банкарство е сочинето од хетероген и комплексен сет на активности, вклучувајќи ги гаранциите, советодавните, трговски и брокерски услуги, како и управувањето со средствата. Со овој труд се очекува да се појаснат и детерминираат областите на работа, како и влијанието на работата на инвестициските банки врз економскиот систем во целина. Оваа скрипта има за цел да даде осврт на традиционалните и современите активности на инвестициското банкарство.

Скриптата „Инвестициско банкарство“ од д-р Љупчо Давчев претставува стручен придонес во областа на инвестициското банкарство и успешен обид да се прикажат комплексните аспекти на начинот на кој функционираат овој тип на банки.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, конкретно за студиските програми: Финансиски менаџмент – Струмица, Финансиски менаџмент - Кочани, Финансиски менаџмент – Радовиш, Финансиски менаџмент – Штип, Сметководство, финансии и ревизија и Менаџмент и претприемништво.

***Податоци за обемот на ракописот***

**Проблематиката** што е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 120 страници, каде што се инкорпорирани над двесте релевантни библиографски единици, како книги од светски познати автори и издавачки куќи, периодични списанија и интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и поедноставно преставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „Инвестициско банкарство“. Авторот во оваа скрипта третира мошне атрактивна и актуелна проблематика од областа на финансиите и банкарството поврзана со анализата на традиционалните и современите активности на инвестициското банкарство и нивното влијание врз целокупниот економски систем, што особено се истакна во скорешната економска криза, потенцирајќи ја улогата на овој тип на банки во развиените финансиски земји.

Трудот настојува преку научната обработка на техниките и инструментите на инвестициското банкарство да го објасни начинот на кој тие се применуваат во пракса во развиените економии. Во однос на анализата на активностите на инвестициските банки, оваа скрипта подетално ги опфаќа понудата на капитал, должничката понуда, процесот на соединувања и преземања. Исто така, овој труд дава насоки и препораки за развој на инвестициското банкарство во Република Македонија.

Ваквиот покомплексен пристап кон материјата од сферата на инвестициското банкарство го оправдува одобрувањето на скриптата, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и да го презентира во форма на учебник.

***Краток опис на содржината***

Во првото поглавје со наслов „*Вовед во инвестициско банкарство*”, авторот подетално го дефинира инвестициското банкарство. Тој појаснува дека инвестициското банкарство се состои од сите банкарски услуги кои не се класифицирани во делот на комерцијалното банкарство кои, пак, се земање на депозити и давање на заеми. Инвестициското банкарство вклучува хетероген сет на активности што може да бидат поделени во три главни области: а) основа на традиционално банкарство, б) тргување и брокерство и в) управување на средства. Ова поглавје, исто така, дава преглед на позначајните банки во инвестициското банкарство во однос на главните активности кои ги работат овие банки. Овде може да се набројат: Goldman Sachs (Голдман Сах), Morgan Stanley (Морган Стенли), Credit Suisse (Кредит Сус), UBS (УБС), Deutsche Bank (Дојче Банката), Citi (Сити), JP Morgan (ЈП Морган) и Bank of America (Банката на Америка) – Merrill Lynch (Мерил Линч). Покрај овие банки, Lazard (Лазард)и Rothschild (Ротшилд), исто така, се доста конкурентни во советодавните услуги. На крај, авторот анализира дека глобалниот финансиски систем во последните неколку години беше под влијание на големата финансиска криза, која пак придонесе да се реформира финансиската индустрија. Следните ефекти од овие промени не можат да се предвидат. Веројатно, секогаш ќе постои побарување за услугите дадени од инвестициските банки, но сепак, можно е да се сменат карактеристиките и профитабилноста на овој тип банкарство.

Во второто поглавје, со наслов **„***Улогата и значењето на инвестициското банкарство во финансиската индустрија***”,** авторот се фокусира на теоретските основи на инвестициското банкарство. Овде детално се обработуваат главните карактеристики и основни правци на развој на инвестициското банкарство како високоспецијализиран

сегмент на финансиската индустрија. Употребата на финансиските пазари е во суштината на инвестициските банки. Развојот и еволуцијата се тесно поврзани со растот и експанзијата на финансиските пазари, инструментите кои тие ги нудат, како и механизмот што го употребуваат. Овде се објаснуваат трите фази на развој на инвестициското банкарство, почнувајќи од класичното инвестициско банкарство, потоа неговата експанзија и созреаната фаза на еволуција и развој на инвестициското банкарство која сè уште се одвива. Во ова поглавје се објаснети и факторите за еволуција на инвестициското банкарство, улогата на инвестициското банкарство во развиените земји, како и структурата на инвестициското банкарство на глобално ниво.

Во третото поглавје „*Рангирање на позначајните субјекти во инвестиционото банкарство*" авторот подетално ги објаснува рангирањата на инвестициските банки по однос на: а) иницијалните јавни понуди, б) понудата на обврзници и в) процесот на соединување и преземање.

Во четвртото поглавје со наслов „*Иницијални јавни понуди*" авторот ги анализира главните карактеристики на понудата на капиталот, со посебен осврт на иницијалните јавни понуди, ИПО. ИПО е првата продажба на акциите на компанијата во јавноста и нивното појавување на берзата. Постојат повеќе различни аспекти за да се објасни ИПО. Ова поглавје вклучува три главни теми. Како прво, се обработува структурата на понудата. ИПО е општ термин, но постојат повеќе алтернативи, во зависност од типот на акциите што се продаваат. Како второ, се разгледува поставената цена на понудата. Цената, според авторот, можеби е и најважната варијабла во понудата. Затоа, овде се разработуваат различните механизми за воспоставување на цена на ИПО. Како трето, акцент е ставен на функционирањето на процесот на понудата во јавност и улогата што овде ја имаат инвестициските банки.

Во петтото поглавје „*Понуда на обврзници - должничка понуда*", авторот детално го објаснува процесот на понуда на обврзници, како и улогата што овде ја имаат инвестициските банки. Ова поглавје најпрво прикажува краток преглед на понудата на обврзници. Посебен дел е посветен на кредитната способност и кредитните рејтинзи (поделени, поттикнати и непоттикнати). Потоа следува објаснување околу процесот со хартии од вредност и хибридните инструменти, како и детално објаснување на здружувањето на заеми.

Во шестото поглавје „*Соединувања и преземања (M&A)*" авторот ги анализира активностите за соединување и преземање од неколку различни перспективи (стратешки, финансиски, сметководствени, правни итн.). Во ова поглавје авторот се фокусира на главните финансиски аспекти на соединувањата и преземањата (M&A), како и на улогата на инвестициските банки во овие трансакции. Терминот соединување и преземање (M&A) укажува на повеќе разновидни категории на трансакции, а во ова поглавје се опишани главните видови на договори. Иако сметководството за соединувањата и преземањата (M &A) не е во својата суштина чисто финансиска тема, сегашните сметководствени стандарди имплицираат финансиски пристап (особено кога се вреднува good will"). Затоа, во овој дел се сумирани главните сметководствени прашања од страна на авторот. Потоа се опишува процесот на типични трансакции за соединувањата и преземањата (M&A), ефектот на профитабилност за акционерите во инволвираните компании, како и влијанието на услугите на инвестициското банкарство во однос на капиталот на акционерите. Посебно се објаснува најспоменуваната причина за соединувањата и преземањата (M&A), а тоа се синергиите. Во ова поглавје авторот дискутира и за различните начини на плаќање при соединувања и преземања (M&A), како и нивните ефекти врз исходот од трансакцијата.

Во последното поглавје „*Насоки и препораки за развој на инвестициското банкарство во Република Македонија*" се разработуват условите за развој на инвестициското банкарство во Република Македонија. Условите во кои се наоѓаше и развиваше нашата економија, едноставно, не дозволуваа инвестициското банкарство да навлезе и да достигне пошироки размери. Меѓутоа, според авторот развојот и подемот на инвестициското банкарство допрва ќе доживува пораст во Република Македонија. Заситеноста на банкарскиот сектор од традиционалните форми на работење, зголемената потреба од нови финансиски услуги, конкуренцијата на светските финансиски пазари, технолошките иновации и многу други причини нема да го остават имун нашиот финансиски систем од потребата за развој на инвестициското банкарство.

## ЗАКЛУЧОК

Значајноста на трудот на д-р Љупчо Давчев се огледа во пристапот и начинот на обработка на деликатната материја од областа на банкарството и финансиите, а тоа е инвестициското банкарство. Тој темелно ги анализира основата, начинот и принципите на работа на инвестициските банки и нивното место во финансискиот систем. Со оглед на фактот дека оваа проблематика е релативно скромно обработувана во македонската литература, а во поразвиените економии и финансиски системи и се посветува поголемо внимание, авторот д-р Љупчо Давчев дава свој придонес во научното третирање на оваа проблематика.

Несомнено е дека таквата теоретска поставеност на трудот, проследена со практична елаборација, многу ќе им помогне на студентите за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми од областа на инвестициското банкарство.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип скриптата со наслов „Инвестициско банкарство" од д-р Љупчо Давчев да ја одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајче Мицески, редовен професор, с.р**
**Д-р Виолета Маџова, доцент, с.р**